Република Северна Македонија
Министерство за здравство

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Shëndetësisë

Бр. 13 - 8420/2
31-10-2023 година

ДО

**НАЦИОНАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ – СКОПЈЕ**
**ул. Вељко Влаховиќ бр.7/1-1, 1000 Скопје, Македонија**

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ НА ВЛАДАТА НА РСМ**
**- Одделение за соработка со невладини организации**

**Предмет:** Предлог - иницијатива на Националниот младински совет на Македонија - Скопје
**Врска:** Ваш број: 40 - 10392/1 од 2023 година

Почитувани,

Во врска со Предлог - иницијативата доставена од Националниот младински совет на Македонија - Скопје со наслов „Стратегија за ментално здравје кај млади 2023 -2026" , Министерството за здравство информира за следното:

Во септември 2020 година, Светската здравствена организација (СЗО) и Фондот за децата на Обединетите нации (УНИЦЕФ) потпишаа иновативна „Заедничка програма за ментално здравје и психосоцијална добросостојба и развој на децата и адолесцентите" за периодот од 2020 до 2030 година.
Оваа визионерска иницијатива има за цел да обезбеди до 2030 година, децата и адолесцентите кои живеат во земји што учествуваат во Заедничката програма да искусат намалено страдање и да имаат подобро ментално здравје, психосоцијална добросостојба и развој. За да се постигне оваа цел, Заедничката програма се залага за зајакнување на капацитетот на земјите за спроведување на мултисекторски стратегии - засновани на докази и на човекови права - кои нудат можности, поддршка и услуги за децата, адолесцентите и нивните негуватели. Дополнително, Заедничката програма цели кон зголемување на видливоста, свесноста и инвестициите во оваа област низ соработка, како на национално така и на глобално ниво.

Заедничката програма предвидува четири клучни исходи:

1. Зајакнување на лидерството, управувањето и пропагирањето
2. Зајакнување на системите за пружање услуги и нега.
3. Промоција и превенција на ментално-здравствените проблеми.
4. Зајакнување на системот за информации, системот за докази и истражувачка дејност.

Почнувајќи од 2023 година, Северна Македонија е еден од учесниците во Заедничката програма врз основа на селекцијата направена од главните канцеларии на СЗО и УНИЦЕФ. Како дел од реализацијата на Заедничката програма во Северна Македонија, од септември започнаа да се реализираат активности за поддршка на изготвувањето на документ чиј работен наслов е **Национален акциски план за ментално здравје и психосоцијална добросостојба на децата и адолесцентите, кој ќе се однесува на периодот од 2024-2030 година и ќе опфати активности во неколку клучни области: здравство, образование, социјална заштита и семејства/заедница**. Во процесот на изработка на овој план веќе отпочнаа опсежни консултации на национално ниво, во кои учествуваат главните засегнати страни- Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, други релевантни институции во областите на здравството, образованието, социјалната заштита, експерти и професионалци во релевантни области, академската заедница, меѓународни партнери, организации на граѓанското општество и претставници на младите.

При изготвувањето на Планот се користат наодите од претходните студии во областа на менталното здравје на децата и адолесцентите и мапирањето на нивните проблеми и потреби во однос на здравјето, образованието и социјалната заштита, како и заклучоците од студијата за здравственото однесување на училишните деца (HBSC), спроведени неодамна со поддршка на СЗО, УНИЦЕФ и УНФПА.

Се очекува Националниот акциски план за ментално здравје и психосоцијална добросостојба на децата и адолесцентите да биде завршен до крајот на декември 2023 година, по што ќе биде доставен до Владата на одобрување.

Република Северна Македонија | Republika e Maqedonisë së Veriut

**Министерство за здравство | Ministria e Shëndetësisë**

Бр.

_______________година

Имајќи во вид дека Министерството за здравство има претходно донесена Национална стратегија за ментално здравје за периодот 2018-2025, како и со оглед на тоа што во тек е подготовка на Акциски план за ментално здравје и психосоцијална добросостојба на децата и адолесцентите за периодот 2024-203 година, **сметаме дека нема потреба од донесување на уште еден стратешки документ.** Документот кој е доставен од Ваша страна нема карактер на стратегија, а мерките од Акцискиот План кој е доставен во прилог, ќе бидат земени во предвид при подготовка на новиот Национален Акциски план за ментално здравје и психосоцијална добросостојба на децата и адолесцентите.

**МИНИСТЕР,**
**Dr. Fatmir Mexhiti**

Подготвил: Д. Цветановски
Одобрил: Б. Целевска
Контролирал: Н. Ламалари

Доставено до:
- архива

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT • МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО • MINISTRIA E SHËNDETËSISË • СКОПЈЕ - SHKUP